СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА
ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА

0302-123-1/19
Скопје, 06.12.2019

**До: Министерство за транспорт и врски**
**ул. Даме Груев бр.6**
**1000 Скопје**

**За: Сектор за нормативни и правни работи**

**Предмет: Мислење кон предлог на Законот за гробишта и погребални услуги**

Почитувани,

Би сакале да искажеме благодарност за досегашната соработка, како и Вашите заложби за вклученост на релевантните засегнати страни во процесот на измена на законската регулатива од Ваша надлежност.

Во оваа насока, Ве информираме дека согласно објавениот предлог Закон за гробишта и погребални услуги на ЕНЕР, спроведовме консултации со компаниите членови на Сојуз на стопански комори на Македонија кои работат во оваа сфера и ги истакнуваме следните предлози за измена:

1. **Во член 3, став 9 да се избрише зборот <u>слично</u> на крај на реченицата**

- Додавање на збор кој строго не определува значи можност за недоречености и злоупотреба на самиот закон во одредени ситуации. Под зборот слично може да се подразберат многу работи и користејќи го тој збор многу дејности кои се во спротивност со овој закон би можеле да бидат сместени во придружните објекти на гробиштата.

2. **Во член 3, став 14 изоставен е зборот <u>чување</u> после зборот преземање. Да се врати зборот чување во истиот став**

- Ставот 14 е препис на ставот 8 од овој член. Чувањето е погребална услуга која ја дава погребален оператор. Чувањето е само една алка од погребалните услуги меѓу преземањето и погребувањето кои ги врши операторот на погребални услуги, целиот контакт со починатото лице го има исклучиво операторот, а со тоа и целокупната одговорност е на операторот. Тоа се дејности на операторот согласно национална класификација на дејности кој е услов за добивање на дозвола за вршење на погребални услуги (ДРД образец)

3. **Во член 20, а и понатака во сите членови наместо договор со општините да се промени со <u>договор само со управителите на гробиштата</u>.**

- Сосема е бескорисно и дава многу можности за злоупотреба ако се склучуваат двојни договори и со управителите на гробиштата и со општините. Причини за ова има премногу. Управителите во најголем број се јавни претпријатија кои се всушност општински или е друго претпријатие кое работи под услови кои општините односно градот Скопје ги утврдува. Тоа значи дека управителите се продолжена рака на општините. Доколку општините односно градот Скопје склучат договор со управителот под тој договор управителите би склучувале договори со операторите на погребални услуги што всушност и сега е таква состојба. Со оваа измена непочитувањето на законот се сведува на минимум *и*

не дава можност за префрлање на надлежности од управителот на општината и обратно кое може да трае до недоглед од што штета покрај операторите на погребални услуги имаат и корисноиците на услугите.

4. **Додавање на нов член во законот со т.н. селски гробишта каде по автоматизам управител на гробиштата да биде верската заедница во чија сопственост се објектите и самите гробишта.**

- Во член 13 од законот и од предлог законот, се предвидува гробишта на верските заедници и религиозни групи, што значи дека верските заедници по автоматизам и се управители на гробитата кои ги поседуваат исто како и јавните претпријатија кои по автоматизам се управители на гробиштата. Во овие гробишта земјиштето и верските објекти кои најчесто се во склоп на гробиштата се сопственост на верската заедница и тие се неформални управители. Експропријацијата на овие земјишта не е можна. До сега дел од управителите од градските средини без никакво присуство на лице место, без никаков увид издаваа дозволи за погребување во ваквите гробишта со што можностите за злоупотреба беа максимални. Не е можно управител на гробишта да даде одобрение за погреб за село кое е одалечено и до 50 км и каде тоа претпријатие нема никаква сопственост или надлежност. Исто така, нема кој да гарантира дека после добивање на дозвола за погреб дека лицето ќе биде каде треба и погребано и нема кој да го покажува самото гробно место и сноси одговорност за злоупотреба. Предлагаме задолжување на верските заедници кои во секое такво место имаат одбори да направат план на гробиштата (кои претежно се мали) и самите одбори во име на верската заедница да издаваат дозволи за погребување секако со упис на сите починати и погребани лица.

5. **Во член 20 враќање на ставот за подружница.**

- Условите за добивање на дозвола за вршење на погребални услуги се операторот да има две возила и тројца вработени. Со изоставување на овој член оператор со две возила и тројца вработени може да работи во сите општини. Не е возможно оператор со две возила и тројца вработени операторот да врши погреби на 10 места истовремено. Доколку има подружница со исполнување на сите услови како и во седиштето во секој случај ќе може да се даваат услугите, а без овој член ќе се направи хаос во погребувањата.

6. **Во член 21, во став 1 како услов за добивање на дозвола за вршење на погребални услуги да се стават возилата, а не тие да бидат во технички услови.**

- Ако се отуѓи возило операторот и со едно возило може подолг период делумно да функционира ако тоа е во техничка опрема, а доколку е во член од законот операторот цело време мора да има најмалку 2 возила за превоз на починати лица

7. **Во член 21, во став 1 истото како за возилата да се стави и осигурувањето**

- Неставањето на осигурувањето во услови за добивање на дозвола за вршење на погребални услуги дава можност за избегнување на евентуално направена штета.

8. **Во член 21 да се врати ставот од постоечкиот закон за финансиска способност на погребалниот оператор од повеќе причини**

- Финансиската неспособност дава можност за многу манипулации од кои сите би претпеле штета. Неплаќање на роба, ненавремено исплаќање на личен доход, неплаќање на обврски кон управителите на гробиштата, неплаќање на придонеси, неплаќање на евентуални штети, неплаќање на санкции, непотребни долги судски процеси итн. Би се сменило само времето за финансиска способност кое од 12 евентуално би се намалило на 6 или 3 месеци.

9. **Во член 21, став 5 има грешка и наместо да стои управителот со гробиштата треба да стои <u>операторот на погребални услуги</u>**

- Дозволата за погребални услуги се дава на операторот, а не на управителот.

10. **Во член 21, став 5 рокот за поднесување на барањето за добивање на дозвола да се зголеми од 1 месец на <u>3 или 6 месеци</u>**

- Често се случува рокот од 30 дена да биде премал за добивање на дозвола за вршење на погребални услуги и за да се запази континуитет во работата, како и за отстранување на евентуални недостатоци овој рок е пракраток. Од тие причини потребно е овој рок да се зголеми, а продолжувањето да биде на ден после истекот на постоечката дозвола.

11. **Во член 25 став 4 да се додаде дека предавањето на починато лице се врши <u>од страна на семејството</u> ако лицето почине дома, или од <u>медицинско лице</u> вработено во установата ако лицето почине во медицинска установа во согласност со член од семејството, или од <u>овластен орган</u> доколку се работи за насилна смрт или непознато лице.**

12. **Во член 36, став 1 да се додаде дека <u>брачниот другар</u> може да одлучи, а доколку нема брачен другар за тоа едногласно да одлучат <u>сите наследници</u> од прв ред со документ заврен кај нотар .**

- Ова е пракса во скоро сите европски земји . Често се случува починатиот усмено да ја искаже својата желба, а со овој предлог тоа се исклучува. Од тие причини се бара измена на овој став.

13. **Во член 36, став 2 наместо кремирањето се врши на гробишта да се замени со се врши во <u>крематориум за кој претходно е добиено одобрение од надлежен орган</u>.**

- Државата крематориумот може да го изгради или да даде одобрение за изградба на друго место кое може и да не биде во гробишта, туку на посебна парцела надвор од гробишта и надвор од населени места и тоа од причини на евентуално загадување и непријатност за населението.

14. **Во член 39 став да делот погребот го врши управителот на гробиштата да се замени со зборовите погребот <u>го врши операторот на погребални услуги</u> кој ќе го одреди Министерството за труд и социјална политика.**

- Таму каде има оператор, погребување на може да врши управител со гробишта.

15. **Во член 48 глобата е <u>премногу ниска</u> и остава можност за манипулација и тоа на подолг временски период.**

- Како би се отстранила можност за манипулација оваа глоба да биде со 10 пати повисока како би се изедначила со останатите глоби и како би се сведила можноста за манипулација на минимум. Со измена на договор само со управителите оваа глоба би се однесувала на управителот на гробиштата.

16. **Во член 51, ставот 10 наместо операторот треба да стои управителот со гробиштата**
- Управителот дава одобрение за погреб и операторот мора да го почитува тоа вклучувајки го гробното место, денот и часот. Увид во извршени погреби има само управителот. а не и операторот. Не е можно операторот да знае кога е извршен последен погреб во некое гробно место посебно ако претходниот погреб го правел друг оператор. Исто така, не е можно операторот да не изврши погреб ако управителот дал одобрение за погреб во тоа гробно место.

17. **Членот 62 да се избише од предлог законот**
- Така наречениот солидарен погреб кој до пред неколку години е организиран во некои општини со повеќе одлуки и решенија од повеќе институции вклучувајки ја и Комисијата за заштита на конкуренција е прогласен за незаконски. Со додавање на овој член во законот се врши легализација на незаконска дејност извршена пред 10 и повеќе години. За субјектите кои незаконски наплаќале од граѓаните, институциите треба да постапат тие средства да ги рефундира директно кај оние и од кои е незаконски наплатено.

18. **Како посебна проблематика се јавува преземањето на починати лица од болниците и од старечките домови.**
- Неопходно е да се изнајде начин на примопредавање на починатите лица од овие установи како би се избегнале сите неправилности вклучувајки ги и евентуалните мито и корупција. Предавањето да го врши исклучиво медицинскиот персонал односно вработен во местото каде лицето починало. На семејството задолжително да му се приложи список со погребални оператори и семејството да направи избор без сугерирање на одреден оператор.

19. Јасно да се дефинира кој може да издаде лекарска **потврда** за констатирање на смрт. Тоа да биде лекар во медицинска установа во која лицето починало, лекар во судска медицина за насилна смрт, а за лица починати дома или во старачки домови каде нема лекар потврдата да ја издава мртвозорна служба од Министерството за здравство (службата според наши сознанија е во формирачка фаза).

Би сакале да Ве информираме и дека донесување на нов закон треба да претставува долготраен процес во кој ќе бидат вклучени операторите кои секојдневно го применуваат законот во своето работење. Укажуваме дека овој закон регулира навистина сензибилни правила и за истите да се применливи потребно е законското решение да биде прифатливо за граѓаните и за операторите кои ќе го спроведуваат.

Дополнително, неопходно е да се следат и европски стандарди во оваа област со цел да се подигне квалитетот на погребалните услуги, но особено треба да се работи на спроведување на почитување на одредбите од овој закон од страна на сите субјекти кои се задолжени да го применуваат.

За сите дополнителни информации, Ве молиме да нѐ контактирате на е-маил: info@chamber.mk или на телефон: 076 455 045, контакт лице: Маја Савеска.

Срдечно Ве поздравуваме.

**Со почит,**

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА ВОДЕЧКА МАКЕДОНСКА ДЕЛОВНА МРЕЖА Скопје

**Александар Зарков**
Извршен директор
Сојуз на стопански комори на Македонија

*Подготвил:*
*Одобрил:*